

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 2/2021

# УВОДНИ СТИХОВИ

*Сабота, 3 април 2021*

## Натприродното среде обичното

**„Кога Господ виде дека тој доаѓа да види, извика Господ од грмушката и рече: ‘Мојсеј, Мојсеј!’ А тој одговори: ‘Еве ме, Господи!’“ (2. Мојсеева 3,4)**

Животот на Мојсеј течел со рутината од неговото време кога еден ден забележал нешто необично: гори грмушка, но не согорува. Мојсеј се приближил за да погледне одблизу. Кога Бог го видел Мојсеја како ја прекинува својата рутина, му проговорил. Сè што направил Бог во животот на Мојсеј за четириесет години, достигнало свој врв во овој момент. Божјиот план на откупување чекал Мојсеј да забележи нешто необично среде обични настани.

Ќе има моменти кога ќе се нурнеме во обичните детали од животот, тогаш можеме да не бидеме свесни за вонредното и натприродното што може да постои веднаш покрај нас. Можеби ќе се најдете среде најобичен момент, само што овојпат активноста е исполнета со Божјото присуство. Ќе има време кога ќе забележите нешто невообичаено среде вашиот напорен ден. Вашата прва реакција може да биде: „Премногу сум уморен да го истражувам ова сега“ или „Не сакам да го нарушувам мојот живот поради тоа“. Сепак, во тој момент можеби имате извонредна и уникатна можност за да се сретнете со Бога.

Бог секогаш проговара во текот на обичните животни искуства. Често, тоа не се случува за време на богослуженијата во црква. Многу од најважните средби со Бога, кои ја промениле историјата, се случиле за време на обичните животни искуства. Кога ќе го видите необичното среде секојдневното, не продолжувајте со вашата работа како и обично. Тоа може да биде моментот кога Бог одредил да биде време кое ќе го промени твојот живот и животот на оние околу вас.

*Сабота, 10 април 2021*

## Каде те сместил Духот?

**„И како што е телото едно, а има многу делови, и сите делови од тоа тело, па колку и да се тие, едно тело се, така и Христос“ (1. Коринќаните 12,7).**

Во моментот кога ќе доживеете ново раѓање, ќе го примите Светиот Дух. Светиот Дух е дар. Со овој дар, Бог не ви дава ништо освен самиот себе. Светиот Дух е Бог. Додека го живее својот живот преку нас, Бог живее во нас, исполнувајќи ја својата цел и значење. Духот ќе се манифестира преку вашиот живот, не само за вашето добро, туку и за доброто на оние околу вас.

Духот ќе ве води во црква – тоа е Христово тело – каде што може да служи преку вас како личност (1. Коринќаните 12,18). Бог не ве додава на црквата за да можете да бидете набљудувач. Духот има должност за вас во телото и Тој ќе ве опреми со своето присуство за таа работа.

Во Стариот Завет, Бог им давал посебни задолженија на своите слуги и потоа го излевал Својот Дух врз нив за да ги оспособи да ги извршуваат своите работи. Во Новиот Завет, Бог секој верник го прави витален дел од живото тело. Тој го дал Својот Дух на секој верник и се манифестира преку верникот за да го охрабри и опреми секој член на телото. Колку возбудлива мисија од Бога! Денес, Светиот Дух им дава сила на верниците затоа што определил работа за секој од своите слуги.

Како присуството на Светиот Дух во вашиот живот влијае на луѓето околу вас? Бог ве опремил токму со она што е потребно за да се изгради телото во кое ве сместил. Ако дозволите Светиот Дух да работи слободно во вас, вие ќе служите на благослов за другите луѓе.

*Сабота, 17 април 2021*

**Бог може да ги задоволи сите ваши потреби**

**„И мојот Бог ќе ја исполни целата ваша потреба според богатството на неговата слава во Христос Исус“ (Филипјаните 4,19).**

Овој стих е еден од најпрактичните текстови што ќе ги најдете во Библијата. Секој од нас се соочува со одредени потреби во својот живот; понекогаш, се чини дека некои од нив никогаш нема да бидат задоволени. Но, не е време да бидеме загрижени или да паничиме. Исто така, не треба да попуштаме пред поразот. Токму тогаш, Бог сака да нѐ привлече кон Неговата неограничена ризница за да ги задоволиме нашите потреби на начин што само Тој може.

Дали веруваш дека Бог може да се грижи за твоите финансии? За твоето здравје? За децата? За родителите? За твојата црква? Светото писмо вели дека никогаш нема да се соочите со потреба за која Божјиот одговор не би бил доволен (Псалм 116,6; Евреите 4,16; Матеј 6,8; Псалм 69,33). Ако не сте го доживеале изобилниот Божји дар, каде е проблемот? Дали проблемот е на Божја страна? Или можеби станува збор за тоа дека навистина не верувате оти Бог е подготвен да ги задоволи сите ваши потреби?

Сѐ што има Бог, тоа е достапно за неговите деца кои веруваат во Него. Никој никогаш не ги исцрпил сите божествени добра ниту страдал во скудност ако верувал во Него. За жал, некои христијани живеат како богатите Божји резерви да не им се доволни. Тие се деца на Цар, на Небесниот Цар, а живеат како просјаци! Дали луѓето блиски до вас можат да потврдат дека вашиот живот дава доказ за непоколеблива доверба дека Бог ќе го исполни она што го ветил?

*Сабота, 24 април 2021*

## Посветеност и восхит

**„И така, браќа, кога имаме слобода да влегуваме во светилиштето преку крвта на Исус Христос по нов и жив пат, што Тој ни го отвори низ завесата, односно преку Своето тело“ (Евреите 10,19-20).**

На нашата генерација ѝ недостига чувство на чудење и восхитување кон Бога. Ние сакаме да го спуштиме Бога на нашето ниво, на нешто банално и безначајно. Но, Тој е Бог! Иако имаме директен пристап до Него како негови деца, не треба да заборавиме дека овој пристап е овозможен со скапоцената крв на Неговиот единствен Син. Оној што вистински го разбира ова, не влегува во Божјото присуство без чувство на света стравопочит. Никој што ја разбира неверојатната цена платена на Голгота, не го зема здраво за готово оваа заедништво.

Никогаш нема целосно да го разбереме Бога и начинот на кој Тој се однесува кон нас, освен ако прво не го разбереме вистинското значење на Неговата светост и на Неговото барање за светост на Неговиот народ. Ако сме во присуство на Бога, ние сме на света земја! Никогаш не треба да се однесуваме како да е Божјата цел да нѐ прави успешни. Би било бесмислено да бидеме нетрпеливи кога Бог не одговара на нашите молитви, како што мислиме дека треба. Тој е Бог, а не ние!

Додека размислувате за цената што Христос ја платил за нашиот пристап до Отецот, ќе почнете да го цените вашето време за молитва со Него. Писмото ќе ви биде подрагоцено додека се трудите да бидете свети во сѐ што правите (2. Коринќаните 7,1; 1. Петрово 1,15).

Ако сте го изгубиле своето чудење за непроценливиот дар на спасението што ви е дадено, треба повторно да размислувате за крстот и да сведочите за страдањата на Спасителот за нас. Колку е скапоцен Божјиот дар на спасението!

*Сабота, 1 мај 2021*

## Искушението го открива вашето срце

**„И помни го целиот пат, по кој те водеше Господ, твојот Бог, по пустината еве веќе четириесет години, за да те искуша и да дознае што е во срцето твое, дали ги почитуваш заповедите Негови, или, пак, не (5. Мојсеева 8,2).**

Бог ни дозволува да трпиме и да поднесуваме тешкотии и проблеми со некоја причина. Бог ги навел Израелците да талкаат низ пустината четириесет години за да се смират и да бидат искушани. Кога одбиле да го слушаат и да влезат во Ветената земја, Израелците откриле дека дури и не го познаваат својот Избавител. Кога би го познавале, би имале поголема вера. Следните четириесет години Бог ги поминал во проверка на срцата на своите синови и ќерки, на својот народ за да види дали се подготвени за следната задача.

Искушението открива што имаш во срцето и прави твојата вера да расте (Јаков 1,3.12). Бог дозволува народот да искуси глад со цел да развие подлабоко ниво на доверба во Него, да доживее задоволување на потребите и да сфати дека тоа за нив го обезбедува Бог. Додека народот одел со Бога, тие почнале да разбираат дека нивниот живот зависи од Неговиот збор. Тие научиле дека Божјиот збор е најважното нешто што го имаат во животот. Откако биле зависни од Бога четириесет години во пустината, народот слушал кога Бог зборувал и му верувал. Кога конечно влегле во Ветената земја и почнале да водат војна против своите непријатели, тие знаеле дека Божјиот збор прави разлика меѓу животот и смртта. Тие многу повеќе биле подготвени да Му се покоруваат, а резултатот бил извонредна победа.

Дали можеби Бог ве искушува денес во некоја област од вашиот живот? Што открило тоа искушување? Дали си станал огорчен спрема Бога за тоа како и каде те водел? Или сте дошле до точка да му верувате повеќе заради сè низ што сте поминале? Верувајте му и понатаму, без оглед низ какви искушенија и проверки сега минувате!

*Сабота, 8 мај 2021*

## Зголемете ги нашите очекувања

**„Сепак, Ти го сакаш Својот народ и сите светии се во раката Твоја, и тие паднаа пред Твоите нозе, за да ги слушнат зборовите Твои“ (Еремија 33,3).**

Премногу често избираме многу помалку од она што Бог сака да го направи преку нас. Читаме во Еремија 32,27 „ Еве, Јас сум Господ, Бог на секое тело; има ли нешто, што не е можно за Мене?“ И ние одговараме: „Не Господи!“ А сепак, кога се соочуваме со тешки ситуации, почнуваме да ја условуваме нашата вера во Бога и да ги намалуваме очекувањата за тоа што ќе стори Бог? Едно е да веруваме дека Бог може да направи чудо во Библијата, пред неколку илјади години, па дури и во животот на нашите познаници, но сосема друго е да веруваме со целото наше срце дека Бог може да стори што и да одбере за нашето искуство!

Кога Семоќниот Бог ни зборува, она што го правиме понатаму докажува како веруваме во Него, без оглед на она што го зборуваме. Бог му го открил на Мојсеја својот план да го направи најголемото излегување и ослободување во историјата на човечката историја и Тој сакал да го употреби Мојсеја за да го постигне тоа. Мојсеј одговорил на тој начин што почнал да се преговара со Бога. За Мојсеја, она што го слушнал било премногу и тој почнал да наоѓа оправдувања да не учествува во тие активности. Мојсеј со задоволство само би ја изјавил својата вера во Божјата сила; тој едноставно не верувал дека Бог може да делува чудесно преку неговиот живот. Разговорот на Мојсеј со Бога ја ограничил Божјата служба за цел живот (2. Мојсеева 4,13-16).

Дали чувствувате дека има многу повеќе што Бог сака да стори во текот на вашиот живот од она што го доживувате? Побарајте од Бога да ви покаже што е тоа. И тогаш бидете подготвени да одговорите со вера и покорност на она што Тој ви посочува и ви го кажува.

*Сабота, 15 мај 2021*

## Божјите патишта повисоки од нашите патишта

**„Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоко од вашите мисли“ (Исаија 55,9).**

Бог ретко прави нешто онака како што ние мислиме дека ќе стори. Мојсеј го доживеал ова додека учел како Бог ќе го извади еврејскиот народ од египетското ропство. Бог му рекол дека ќе го стврдне срцето на фараонот. А сепак, резултатот не бил тој што го очекувал Мојсеј. Наместо да ги пушти Евреите да си одат, фараонот ги зголемил нивните проблеми. Наместо да стане херој во својата нација, тие почнале да го презираат Мојсеја поради нивното поголемо страдање. Мојсеј се вратил кај Господа и го прашал: „ „Господи, зошто го воведе во неволја овој народ и зошто ме испрати мене?“ (2. Мојсеева 5,22). Голем дел од фрустрациииите што ги доживуваме како христијани немаат никаква врска со она што Бог го прави или не го прави. Тоа е длабоко поврзано со погрешните претпоставки што ги правиме за тоа како мислиме дека Бог сака и треба да постапува.

Дали некогаш сте ја извршиле Божјата волја и тогаш работите изгледаа уште полошо? Мојсеј крајно погрешно ги сфатил резултатите од неговата послушност кон Бога. Кога работите не оделе како што предвидувал тој, Мојсеј се обесхрабрил. Бог му рекол што да прави, но не му кажал какви ќе бидат последиците. Глупаво е да се обидуваме да го извршуваме Божјето дело користејќи го нашиот „здрав разум“. Бог не го отстранува нашиот здрав разум; Тој го осветува. Тој ни дава мудрост да ги разбереме Неговите начини.

Додека гледате назад на Божјите активности во вашиот живот, ќе ја препознаете извонредната мудрост во начинот на кој ве водел Тој низ животот. Додека гледате напред на она што Бог може да го стори, внимавајте да не предвидувате што треба да стори понатаму. Може целосно да промашите во вашето предвидување.

*Сабота, 22 мај 2021*

## Христос мора да ве пренасочи

**„И веднаш ги повика; и го оставија својот татко Зебедеј во бродот со наемниците и го следеа“ (Марко 1,20).**

Ние имаме природна склоност да ја бараме нашата „зона на удобност“ и потоа цврсто да се сместиме на тоа место. Ако се најдете во ситуација во која совршено управувате со сè, тогаш сте престанале да растете во разбирањето на Бога. Божја желба е да ве одведе од местото каде што сега се наоѓате до местото каде што Тој сака да бидете. Вие секогаш ќе бидете еден чекор на послушност напред од следната вистина што Бог сака да ја научите за Него. Можеби ќе доживеете немир додека чувствувате потреба да научите и да искусите повеќе за вашиот небесен Татко. Понекогаш, ова ќе значи дека треба да се преселите на ново работно место или на нова локација. Тоа може да значи дека ви е потребна подлабока димензија во доживувањето на вашиот молитвен живот. Можеби треба да му верувате на Бога на начин што никогаш порано не се случил.

Рибарите не можеле да останат во своите рибарски бродови и во исто време да станат Исусови апостоли. Аврам имал седумдесет и пет години кога Бог му ја дал најголемата задача во животот. Овие луѓе морале да ја нарушат својата удобна рутина за да достигнат нови височини во нивниот меѓусебен однос со Господа. Исто така, за да го доживеете Бога онака како што Тој бара од нас, ќе бара и некои промени од вас. Дали сте подготвени Христос да ви се открие, можеби на начин што целосно ќе го промени вашиот живот? Дали сте подготвени да ја напуштите вашата зона на удобност?

*Сабота, 29 мај 2021*

## Вистината треба да се доживее

**„А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!” (Лука 5,4)**

Кога Христос ќе ве поучи нешто за Себе, Тој сака да го спроведе тоа во вашиот живот. Додека се собирало мноштвото, Исус го избрал чамецот на Петар како место за поучување. Цел ден Петар седел и го слушал Исус како го поучува мноштвото. На крајот од својот говор, Исус му дозволил на Петар да ја искуси реалноста на она што го учел собраното мноштво. Мноштвото ја слушнало вистината, но Петар требало да ја искуси.

Исус ги пренел своите учења на начин на кој рибарите можеле да го разберат. Тој му рекол на Петар да ги фрли своите мрежи во длабоката вода. Питер се двоумел: „Господи, ловевме цела ноќ и не фативме ништо“. Тој очигледно не очекувал драматична средба со Бога на едно такво место. А сепак, кога Петар го послушал Исуса, извлекол чудесно многу риби што дури и бродот можеле да го потопат. Петар се исполнил со чудење и сфатил дека штотуку ја искусил Божјата сила (Лука 5,4-11). Научил дека со Христовата заповед може да стори сé. Така, Исус можел да ги пренасочи приоритетите на Петар од фаќање риби во фаќање луѓе (Лука 4,10). Послушноста на Петар довела до нов драматичен увид за Исуса. Ова било повика да оди со Исуса на еден многу поличен и помоќен начин.

Бог не сака да стекнеш само интелектуално знаење за вистината. Тој сака да ја доживееш Неговата вистина. Постојат работи за Исус што ќе ги научиш само ако Му се покоруваш и го слушаш. Вашата послушност ќе води кон поголемо откровение и можности за служење.

*Сабота, 5 јуни 2021*

## Внимавајте!

**„Ќе застанам на стража, ќе се качам на кулата за да набљудувам за да разберам, што ќе ми каже Тој, и што ќе ми одговори на моите поплаки“ (Авакум 2,1).**

Работата на стражарот е многу важна. Војската што се приближува, им остава на жителите на древниот град многу малку драгоцено време за да бегаат или да се подготват за битка. Животот на сите зависи од предупредувањето што стражарот може да го испрати додека го гледа хоризонтот и потенцијалната закана што претстои. Многу е важно луѓето да се предупредат на време, веднаш штом ќе се приближи опасноста.

Како христијани, Бог нè поставил да се чуваме себеси, нашите пријатели, нашето семејство и нашата црква. Многу е важно добро да обрнете внимание на она што го зборува Бог. Можеби вашиот пријател е во криза и треба да го слушне Божјиот збор. Додека ја проучувате Библијата, Бог може да избере да ви даде збор на охрабрување за вашиот пријател. Можеби, додека вашите деца се соочуваат со предизвици, Бог ќе ви зборува кога се молите и ќе ви открие како можете да им помогнете. Ако сте духовно будни и внимателни, може да примите предупредување од Бога што укажува на посебни опасности што им се закануваат на луѓето околу вас.

Од друга страна, ако сте невнимателни, вашето семејство може да страда, но одговорот од Бога може да остане незабележан. Ако не сте свесни за Божјата порака, оние околу вас може да не успеат да го добијат драгоценото охрабрување од Бога што Тој сака да им го испрати преку вас. Стражарите Бог ги смета за одговорни (Езекиел 33,6). Настојувајте да бидете внимателни кон секој збор што доаѓа од Бога. Од вашето внимание, другите околу вас можат да имаат благослови и придобивки додека ги слушате предупредувањата на Бога и ги следите неговите упатства.

*Сабота, 12 јуни 2021*

## Божјата мера на проштавање

**„Бидејќи, ако им ги простите на луѓето гревовите нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен. Ако, пак, не им ги простите гревовите на луѓето и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите” (Матеј 6,14-15).**

Можеби се сметате себеси за личност која лесно простува, но има моменти кога ќе сретнете некој на кого не можете да му простите. Секогаш кога ќе се бориш да простиш, треба да запомниш каков си бил кога Бог за првпат ти простил. Ефесјаните втора глава нѐ потсетува дека сме биле странци и деца на гневот. А сепак, Бог ти го простил најголемиот грев и бунт против Него. Уште додека си го одбивал Бога, Христос умрел за тебе (Римјаните 5,8). Ако е така, како можеш да одбиеш да им простиш на оние што грешат против тебе? Простувањето не е духовен дар, вештина или наследна особина. Простувањето е избор. Исус погледнал кон оние кои безмилосно и со презир го распнале на крстот и повторно извикал: „Оче, прости им, зашто не знаат што прават!“ (Лука 23,34) Тогаш, како можеме да одбиеме да им простуваме на оние што ни направиле штета?

Исус рекол дека мерата со која простуваме е истиот стандард со кој Бог ќе ни прости нам. Божјите патишта се многу поразлични од нашите. Простувањето што го дава Бог не е засновано на стандардите што ние ги поставивме, туку на стандардот што Тој го воспостави во својата Света Реч. Бог не дозволува исклучоци кога станува збор за проштавањето.

Кога навистина ќе го разбереме Божјото великодушно проштавање кон нас, природно ќе сакаме ние да го искажеме истото проштавање кон другите (Ефесјаните 4,32, Колошаните 3,13). Пред да побарате проштавање од Бога за себе, застанете за момент и преиспитајте ја состојбата во вашите односи кон другите. Дали сакате Бог да ви прости на ист начин како што им простувате и на другите?

*Сабота, 19 јуни 2021*

## Божјата помош носи слава

**„И повикај Ме во тежок ден; Јас ќе те избавам, а ти ќе Ме прославиш“ (Псалм 50,15).**

Дали знаевте дека Бога го прославувате додека го повикувате кога сте во неволја? Бог ветил дека ќе ги избави оние што се обраќаат кон Него. Вие му ја скусувате честа на Бога која му припаѓа секогаш кога ќе се најдете во тешка состојба и пропуштате да го повикате на помош! Можеби има моменти кога Бог ќе ви дозволи да дојдете до таа точка да имате потреба да го повикувате и на тој начин да му дадете можност да им покаже на другите каква разлика може да направи во животот на своите деца. Ако Бог никогаш не дозволил да имате потреба, луѓето околу вас никогаш нема да имаат можност да бидат сведоци на Божјото делување во животот на христијанинот. Ако не се соочите со недостаток, може да се најдете во искушение да се чувствувате самодоволни и да не согледате колку ви е потребен Бог во вашиот живот.

Гордоста ќе ве натера да мислите дека не треба да барате помош од Бога. Оние кои гледаат само на себе, убедени се дека можат да се справат со секоја дилема со своја мудрост, способност и постапки. Гордоста на тој начин ја зема славата од Господа и се труди да ја пренесе на тебе. Не дозволувајте вашата гордост да го земе она што му припаѓа на Бога. Повикајте го Господа и чекајте Тој да ве избави. И тогаш дајте му ја славата што ја заслужува.

Самодоволноста, ставот дека сте доволни сами на себе и дека можете сè сами да решите, може значително да ја намали вашата способност да го доживеете Бога и да му ја укажете честа што му припаѓа. Следниот пат кога ќе бидете во неволја, обратете се кон Бога!

*Сабо̄та, 26 јуни 2021*

**Божјото изобилие**

**„А Бог може изобилно да ве дарува со секаков дар, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело“ (2. Коринќаните 9,8).**

Кога зборуваме за Бога, секогаш треба да размислуваме за изобилство, затоа што Бог не прави ништо површно и половично! Ова е особено точно кога станува збор за Неговата благодат. Господ не е скржав кога треба да им ја даде благодатта на своите слуги. Кога се обидувате добро да ја извршите работа што Господ ви ја дал, секогаш ќе најдете доволно Божја благодат за да ја задоволите секоја ваша потреба во она што го правите. Ако почнете да се грижите и да треперите околу таа работа, Божјата благодат ќе ве поддржи и ќе ви даде љубов кон Бога и кон луѓето, која ви е потребна за да продолжите напред. Кога се соочувате со критики и недоразбирање, Божјата благодат ве зајакнува да им простите на оние што ве обвинуваат и да доживеете задоволство дури и кога другите не разбираат што правите. Кога ќе направите грешка во извршувањето на работата што ви ја доделил Бог, Божјата благодат ви простува, ве поставува на нозе и ви дава нова сила во работата. Кога ќе ја завршите работата и никој не ви изразува благодарност за сработеното, благодатта на Отецот ве опкружува и ве потсетува дека ја имате небесната награда, каде е запаметено и забележено сè што сте направиле во вашата служба за Господа.

Бог не ветува дека ќе обезбеди сè за да ги исполни вашите соништа и проекти, но Тој ве уверува дека за секое добро дело што имате намера да го направите, нема да ви недостасува Неговата благодат за успешно да го извршите она што Тој ви го доверува.

**ГРАДИВО**
**2/2021**

**Уводни стихови**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
**Управниот одбор на**
**Христијанската**
**адвентистичка црква**
**во Р. Македонија**

**Превод**
**и графичко уредување:**
**Мелита Томовска**

**Одговара:**
**Томе Трајков**

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**